# Упатство за користење на системот за електронско банкарство-население


1.Портал....2

2.Сметки....3

3.Картички....6

4.Кредити....8

5.Плаќања....12

6.Менувачница....36

7.Финансии....38

8 Преглед....45

9.Отварање на депозит....45

# 1.Портал

На првата  страница Портал (слика 1) е прикажан преглед на сите типови на производи со кои располагате: сметки, депозити, картички , кредити, и сл.




Слика 1

Името на секоја сметка/картичка можете да го промените преку копчето ”Промени име на сметка” откако ќе кликнете на соодветната сметка.

# 2.Сметки

На втората страница “Сметки” (слика 2) добивате детален преглед на сите Ваши сметки .




Слика 2

Со кликнување на некоја сметка, се добива детален приказ во долниот дел на екранот за прометот, состојбата, последни промени на сметка и графички приказ на промени на состојба. Можете да користите соодветни филтри со кои го ограничувате периодот за кој се однесуваат прикажаните податоци како и соодветна опција за печатење на истите. Секој прозорец можете да го зголемите со кликнување во горниот десен агол, каде што се прикажани две стрелки (слика 3).




Слика 3

Доколку имате потреба, името на секоја сметка со која располагате можете да го промените преку копчето  ”Промени име на сметка”.

Преку менито “Сметки\Изводи” (слика 4) можат да се добијат последните изводи од Вашите сметки.




Слика 4

Се кликнува на бараната сметка во горниот дел на екранот, а во долниот се добива листа на последни изводи за таа сметка за деновите во кои имало некаков промет по сметката (слика 5)



Слика 5

Со кликнување на некој ред од листата се добиваат детали за изводот за сметката за избраниот месец со можност за пешатење (слика 6).



Слика 6

Со кликање на знакот со две стрелки во горниот десен агол од прозорецот за приказ на листата на изводи (слика 7), се добива проширен прозорец со опција за избор на период за кој ќе бидат прикажани изводите (слика 8).




Слика 7




Слика 8

Во менито “Сметки\Уплата на депозит”, може да се изврши уплата на постоечки депозит од некоја сметка (слика 9)




Слика 9

# 3.Картички

На страницата "Картички\Состојба" (слика 10) ги следите детално состојбите на сите картички кои ги поседувате: дебитни, и кредитни.




Слика 10.

Со кликнување на некоја од картичките во горниот дел од екранот, во долниот дел се прикажуваат податоци за состојба, датуми и износи на последна исплата и уплата, расположлива состојба, промет за избран временски период, валута на сметката со која е поврзана картичката, рок на важност и слично.

Може да се изврши уплата на картичката со избирање на сметка од која ќе се изврши плаќањето, псевдо број на кредитната картичка (бројот на картичка што се наоѓа под главниот број на картичката и почнува обично со 1000 или 2000) и износ кој треба да се префрли (слика 11).




Слика 11

Во менито "Картички\Изводи" (слика 12), со избирање на конкретна картичка во горниот дел




Слика 12

на прозорецот, се добива листа на изводи и потрошувачка со соодветни филтри за временски период и износ.

## 4.Кредити

На страницата “Кредити”  се прикажани информации за Вашите кредити (слика 13)




Слика 13

Во делот “План на отплата” се дадени основните податоци за кредитот: валута, ануитет, износ, број на рати, каматна стапка(ефективна и номинална) како и детален преглед на ануитети (слика 14).

**План на отплата**

**Станбени кредити со девизна клаузула (0249003483167)**

Печати

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Комитент:** | X | **Партија:** | 0249003483167 |
| **Валута:** | EUR | **Ануитет:** | 557.17 |
| **Износ на кредитот:** | 43,500.00 | **Број на рати:** | 96 |
| **Ефективна каматна стапка:** | 6.16 % | **Номинална каматна стапка:** | 4.40 % |

| Период / Датум | Исплата на кредит | Ануитети | Камата на кредит | Рата на кредит | Опис трансакција | Состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 / 30.10.2012 | 43,500.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | Пуштање на кредит + надоместок | 43,500.00 |
| 1 / 30.11.2012 | 0.00 | 576.95 | 226.56 | 350.39 | Рата + камата | 43,149.61 |
| 2 / 31.12.2012 | 0.00 | 576.95 | 224.74 | 352.21 | Рата + камата | 42,797.40 |
| 3 / 31.01.2013 | 0.00 | 576.95 | 222.90 | 354.05 | Рата + камата | 42,443.35 |
| 4 / 28.02.2013 | 0.00 | 576.95 | 206.32 | 370.63 | Рата + камата | 42,072.72 |
| 5 / 31.03.2013 | 0.00 | 576.95 | 233.74 | 343.21 | Рата + камата | 41,729.51 |
| 6 / 30.04.2013 | 0.00 | 576.95 | 217.34 | 359.61 | Рата + камата | 41,369.90 |
| 7 / 31.05.2013 | 0.00 | 576.95 | 215.47 | 361.48 | Рата + камата | 41,008.42 |
| 8 / 30.06.2013 | 0.00 | 576.95 | 213.59 | 363.36 | Рата + камата | 40,645.06 |
| 9 / 31.07.2013 | 0.00 | 576.95 | 211.69 | 365.26 | Рата + камата | 40,279.80 |

(1/10)

Слика 14

Во делот “Состојба на кредитот” (слика 15) се дадени податоци за моменталната состојба на кредитот: недостасана главница, доспеан долг, датум на следна рата и сл.

**Состојба на кредитот**

**Станбени кредити со девизна клаузула (0249003483167)**

| | |
|---|---|
| **Износ на кредитот:** | 43,500.00 |
| **Каматна стапка:** | 4.40% |
| **Број на рати:** | 46M |
| **Број на доспеани рати:** | 78M |
| **Датум следна рата:** | 31.05.2019 |
| **Недостасана главница:** | 9,688.41 |
| **Доспеан долг:** | 0.00 |

Слика 15

Во делот “Отплати” е дадена листа на отплатени ануитети (слика 16)




| Датум на валута | Износ на уплата | Валута |
|---|---|---|
| 01.04.2013 | 35,549.00 | MKD |
| 28.02.2013 | 35,551.00 | MKD |
| 31.01.2013 | 35,489.00 | MKD |
| 31.12.2012 | 35,482.50 | MKD |
| 30.11.2012 | 35,482.00 | MKD |
| 30.10.2012 | 13,377.00 | MKD |

Слика 16

Во делот “Подмирување на долог” може да се изврши уплата по основ на доспеан ануитет . За таа цел потребно е да се кликне на соодветното копче во горниот дел на екранот (слика 17)




Слика 17

Во случај да има недоспеани обврски по основ на кредитот, автоматски ќе биде пополнет налог во делот “Подмирување на долг” (слика 18)



Слика 18

Со кликање на копчето “Плаќање” се извршува налог за плаќање на доспеаниот долг и се добива потврда за истото (слика 19)



Слика 19

# 5.Плаќања

Менито “Плаќања” (слика 20) е наменето за вршење на плаќања со различни типови на инструменти (ПП30, ПП50, Девизен налог 1450, Смарт Кеш, Плаќање на комунални сметки).




Слика 20

Прв чекор е пополнување на налогот. Се избира “Плаќања\ПП30 налог” и се внесуваат деталите на плаќањето (слика 21).




Слика 21

Задолжителни полиња се: Трансакциска сметка на примач, Износ, Шифра и Начин на плаќање. Постои опција да се изберат 3 начини на плаќање ИБСП (Интерен банкарски систем на плаќање) за трансвери кон сметки во Халк Банка, КИБС (за трансвери кон сметки во други банки во земјата преку системот на КИБС) и плаќање преку МИПС (трансвери на сметки во други банки во земјата преку системот на МИПС при што се работи брзи за плаќања. Секое плаќање над 1.000.000 (милион денари) на сметка во друга банка, мора да се изврши како МИПС плаќање).

По внесување на податоците за плаќањето, се кликнува на копчето "Плаќање". Се добива форма за потврдување (слика 22)



Слика 22

По кликнување на копчето "ОК", се добива форма која треба да се скенира со камерата на мобилниот телефон на кој е инсталирана мобилната апликација (слика 23)




Слика 23

За да извршите скенирање на прикажаната слика, потребно е да се најавите на мобилната апликација, да кликнете на копчето "Токен" во долниот дел на мобилната апликација, и да изберете "Cronto Авторизација" од понудените опции (слика 24). За повеќе детали околу активирањето на мобилната апликација, погледнете го упатството за креирање на корисник.




Слика 24

По кликнувањето на "Cronto авторизација", се појавува екран на Вашиот мобилен телефон на кој треба да го внесете PIN-от (слика 25).




Слика 25

Потоа се активира камерата на мобилниот телефон (слика 26)




Слика 26

Се насочува камерата кон сликата на екранот и притоа се добива генериран код на екранот на мобилниот телефон (слика 27)




Слика 27

Добиениот код се внесува во полето “Кронто код” (слика 23), се кликнува на кочето “Потврди” и со тоа се авторизира плаќањето за што се добива потврда со можност за печатење (слика28)




Слика 28

Постои можност за групна авторизација, односно олеснето плаќање на повеќе налози со еден авторизациски код. За таа цел секој налог најпрвин се снима во таканаречен пакет на налози, а потоа се авторизира целиот пакет одеднаш. На слика 29 е прикажано креирање на два налози и нивно снимање во пакет.















Слика 29

За испраќање на налозите потребно е да се означат налозите во пакетот и да се кликне на копчето “Испрати пакет” (слика 29). Потоа се добива форма за потврда на плаќањето на кое се дадени деталите (број на налози, сума и слично) (слика 30)




Слика 30

По кликнувањето на копчето “Потврди” (слика 30), се појавува стандардниот дијалог за потврда на налози во кој треба да ја скенирате сликата со користење на мобилната апликација и камерата од Вашиот мобилен телефон и да го внесете добиениот код во соодветното поле (слика 31). Во овој дел постапката е идентична со авторизацијата на ПП30 налог


Скенирање на Кронто слика
Користејќи го Вашиот мобилен апарат
1. Изберете го менито Токени
2. Изберете Кронто авторизација
3. Скенирајте ја кронто сликата подолу
4. Добиениот код внесете го во полето подолу
Кронто код:
Преостанато време:
29:50
Потврди
Откажи
Telekom.mk
10:58 AM
100%
Токен
Активација
Cronto Авторизација
OTP Авторизација
Синхронизација
Информации за Токен
Избриши Токен
Промена на ПИН
Почетна
Курсна листа
Состојба
Токен
Telekom.mk
10:59 AM
100%
Кронто Авторизација
Внесете ПИН
Ok
Почетна
Курсна листа
Состојба
Токен
Информации
Пакетот на налози е успешно пратен.
OK

Слика 31

Плаќањето преку ПП50 се врши на истиот начин како и ПП30, со тоа што се врши избор на ПП50 налог во менито “Плаќања” (слика 32)




Слика 32

Се добива форма како на слика 30 и се пополнува соодветно. Задолжителни полиња се Износ, Приходна шифра и програма (8 карактери), Начин на плаќање, Уплатна сметка или Сметка на корисник




Слика 33

Авторизацијата на налогот се врши на ист начин како и за ПП30. Пред да се изврши плаќањето, постои опција да се зачува тековниот налог во форма на шаблон кој ќе се користи за понатамошни плаќања. Тоа се прави со кликање на копчето “Сними шаблон” при што се појавува форма за внесување на име на шаблон (слика 34)




Слика 34

Креираните шаблони се наоѓаат во десниот дел од страната (слика 35)




Слика 35

Со кликнување на знакот се две стрелки во горниот десен агол на прозорецот “Шаблони”, тој се зголемува и се добива листа на шаблони со подетален опис (слика 36)




Слика 36

Секој од шаблоните во листата може да се избрише со кликнување на знакот “х” или пак да се измени со кликнување на знакот .

Под делот за креирање на налози се наоѓа преглед на плаќања со соодветни филтри (слика 37)




Слика 37

Покрај секое плаќање во прегледот се наоѓа копче “Повтори”, кое што овозможува податоците од плаќањето да бидат искористени за пополнување на нов налог, кој потоа може да се измени и авторизира.

За девизни плаќања, потребно е да се избере “Девизен налог 1450” од менито “Плаќања” (слика 38)




Слика 38

За да можете да вршите девизни плаќања потребно е да имате отворена девизна сметка. Се отвара форма како на слика 39.




Слика 39

По пополнувањето на формата, се кликнува на копчето “Прати налог” и притоа се добива форма за потврда (слика 40)




Слика 40

По кликнување на копчето “OK”, постапката на авторизација на плаќањето е иста како и за денарските налози (се активира мобилната апликација, се скенира cronto сликата, се внесува добиениот код). На крај се добива потврда за испраќање на девизниот налог (слика 41), со можност за печатење.




Слика 41

Во долниот дел од прозорецот се наоѓа преглед на извршени девизни плаќања со филтри за временски период, износ од-до и сметка (слика 42).




Слика 42

Тука е и дел за креирање на шаблони (слика 43)




Слика 43

Овозможено е креирање на нови шаблони, бришење или промена на постоечки шаблони.

Наредна опција во менито “Плаќања” е “Смарт кеш” (слика 44)




Слика 44

Ова функционалност овозможува генерирање на кодови за подигање на готовина на банкомати на Халк Банка, без присуство на картичка туку само со внесување на генерираниот код и сумата за која е генериран кодот. Корисникот кој го генерира кодот, потребно е да има активна дебитна картичка од Халк Банка.

Се кликнува на опцијата “Смарт Кеш” при што се отвара форма како на слика 45




Слика 45

Се избира износот на трансакцијата од некоја од понудените вредности или се впишува некоја друга вредност (најмногу до 30000 денари). Во полето "Порака за примачот", може да се внесе некоја порака за евентуалниот примач на кодот. Со кликнување на копчето "Потврди", се добива форма за потврда (слика 46)




Слика 46

Потврдата се прави со користење на мобилната апликација на ист начин како и авторизацијата на денарските плаќања преку ПП30 налог. По успешната авторизација на трансакцијата, се добива порака за потврда (слика 47)




Слика 47

Овој код можете да го зачувате локално како слика со кликнување на копчето “Преземи” и потоа да го искористите Вие или да му го соопштите /испратите на друго лице. Во текот на 12 наредни часа, со внесување на овој код и соодветната сума на било кој банкомат на Халк Банка, може да се подигне соодветниот износ.

Се притска копчето “ENTER” на банкоматот при што се појавува изборник за јазик (слика 48)




Слика 48

-Се бира тип на трансакција “Готовина без картичка” (слика 49)




Слика 49

-Се внесува Смарт Кеш кодот и се бира “Точно” (слика 50)




Слика 50

-Се внесува износот на трансакцијата (слика 51)




Слика 51

-Се дава конечна потврда за трансакцијата (слика 52)




Слика 52

-Банкоматот ги исплаќа износот. Се добива потврда за успешна трансакција (слика 53)




Слика 53

Во долниот дел на екранот е даден преглед на Смарт Кеш трансакциите со соодветни филтри (слика 54)




Слика 54

Активните трансакции кои уште не се реализирани можат да бидат откажани со кликнување на копчето “Откажи”. Доколку трансакцијата не се реализира за 12 часа, добива статус “Истечена”, доколку се реализира “Финализирана”, а доколку се откаже добива статус “Откажана”.

-Наредната опција во менито “Плаќања” е “Плаќање на комунални сметки” (слика 55)




Слика 55

Со избирањето на оваа опција, од десната страна на екранот се прикажуваат фирми-даватели на услуги чии фактури можат да се платат само со внесување на бројот на фактура. За ЕВН, потребно е да се внесе повик на број. Со избирање на некоја фирма, се отвара форма во која треба да се внесе бројот на фактура (слика 56)




Слика 56

Со внесување на бројот на фактура и кликнување на копчето “Во ред”, се добива поплнет налог за плаќање (слика 57)




Слика 57

Со кликнување на копчето “Плаќање”, се добива форма за потврда (слика58)



## Информации

Детали за плаќањето:

| | |
|---|---|
| Налогодавач: | Ул.Тест01 ????01 СКОПЈЕ |
| Сметка на налогодавач: | 270700026422652 |
| Банка на налогодавач : | ХАЛКБАНК АД Скопје |
| Цел на дознака: | Плаќање телефонија 201607091159 |
| Повикување на број: | 201607091159 |
| Шифра: | 814 |
| Назив на налогопримач: | X |
| Во корист на сметка: | 270058888160179 |
| Банка на примач : | ХАЛКБАНК АД Скопје |
| Повикување на број: | 201607091159 |
| Износ на налогот: | 452.00 MKD |
| Провизија: | 0.00 MKD |
| Вкупен износ на плаќање: | 452.00 MKD |

Изберете тип на автентификација:

Кронто слика:

Дали го потврдувате плаќањето?

ОК Затвори

Слика 58

Авторизацијата се врши со помош на мобилната апликација, исто како и за денарски налози.

По завршувањето на постаката, се добива потврда за успешно плаќање (слика 59)



Печатење | Затвори

**Налог за пренос**

Датум на валута: 29.05.2019

| Налогодавач | Примач |
|---|---|
| Назив и седиште на налогодавач: Ул.Тест01 ????01 СКОПЈЕ | Назив и седиште на примач: X |
| Трансакциска сметка на налогодавач: 270-7000264226-52 | Трансакциска сметка на примач: 270058888160179 |
| Банка на налогодавач: ХАЛКБАНК АД Скопје | Банка на примач: ХАЛКБАНК АД Скопје |
| | Валута: MKD Износ: 452.00 |
| Повикување на број-(Задолжување): 201607091159 | Повикување на број -(Задолжување): 201607091159 |
| Цел на дознаката: Плаќање телефонија 201607091159 | Шифра: 814 Начин: ИБСП |
| | 29.05.2019 16:31:42 |

0.00 MKD — Наплатена провизија

875154703300 — Референца

Слика 59

За сите типови плаќања (ПП30, ПП50, Девизни, Смарт Кеш, Плаќање на сметки), подржан е и стариот тип на авторизација на трансакции преку SMS код.

Доколку за тип на авторизација сте избрале SMS код, прво ќе се прикажат податоците за плаќањето и по потврдата ќе Ви биде испратен SMS код за потврда на плаќањето. (Слика 60)



Слика 60

# 6.Менувачница

Менито “Менувачница” е наменето за купопродажба на девизи (слика 61).




Слика 61

Во горниот дел од страната се прикажани сметките меѓу кои се врши трансакцијата. Доколку се избере опцијата “Откуп”, прво се прикажуваат денарските сметки, а потоа девизните. Со кликнување на една сметка од денарските сметки се бира дека од таа сметка ќе бидат повлечени денари. Со кликнување на една од девизните сметки, се одредува дека на таа сметка ќе бидат префрлени девизите. Во полето “Износ” се наведува износот за кој ќе се купува девизна валута. Трансакцијата се реализира со кликнување на копчето “Изврши”.

Притоа се добива форма за потврда (слика 62)




Слика 62

По кликнувањето на “Да”, се добива форма со потврда (слика63)




Слика 63

Постапката е иста и при продажба на девизи, со тоа што од менито се бира опцијата “Продажба” (слика 58).

Во долниот дел од екранот е дадена тековна курсна листа како и соодветни филтри за пребарување на курсни листи по датум. Исто така, прикажан е и калкулатор, кој Ви овозможува да го пресметате излезниот износ за некој влезен износ за избрана валута (слика 64)




Слика 64

# 7.Финансии

Страницата “Финансии\Анализа” (слика 65), се состои од неколку прозорци кои овозможуваат категоризација на вашите трансакции.




Слика 65.

Во прозорецот “Сметки” (слика 66) е дадена листа на Вашите трансакциски сметки




Слика 66

Прозорецот “Правила” (слика 67) Ви овозможува да ги категоризирате Вашите трансакции според клучни зборови кои постојат во описот на трансакциите, а потоа да добиете и графички приказ на трансакциите разделени по категорија.




Слика 67

Со креирање на правило за категоризација на трансакциите се започнува со со кликање на копчето “Креирај правило” (Слика 68)




Слика 68

, по што се отвара прозорец како на Сл. 69




Слика 69

Тука се задава името на правилото, се избира на која сметка ќе се однесува, се задава клучен збор во описот на трансакцијата според што ќе се врши категоризацијата и на крај се бира во која категорија/подкатегорија ќе се доделат трансакциите кои во својот опис го имаат зборот внесен претходно, во полето Опис.

На пример можеме да креираме правило “Тест” со тоа што ќе напишеме “Тест” во полето “Име на правило”, потоа од паѓачкото мени “сметка” бираме сметка за која ќе се однесува правилото и во полето десно од полето “Опис” го внесуваме клучниот збор според кој ќе се категоризираат трансакциите, на пример “паркинг” (слика 70).




Слика 70

Потоа се одбира категорија\подкатегорија во која ќе се категоризираат трансакциите кои во својот опис го имаат клучниот збор "паркинг" (слика 71)




Слика 71

Правилото се креира со кликање на копчето "Сними". Со тоа правилото е креирано (слика 72).




Слика 72

Потоа се бира периодот за кој се земаат трансакциите, и со кликнување на копчето “Примени” се добива листа на трансакции со соодветна категоризација (слика 73).




Слика 73

Секоја трансакција во чиј опис постои зборот “паркинг” е поставена во новата категорија “Автомобил”

Постои дополнителна можност за поделба на секоја поединечна трансакција на повеќе делови, од кои што секој може да се категоризира различно. Тоа се прави со кликање на копчето "Поделба" покрај конкретната трансакција во листата на трансакции (слика 73) по што се појавува нов прозорец (слика 74) кој дава можност за поделба на трансакцијата на повеќе делови кои можат различно да се категоризираат




Слика 74

Во подменито "Финансии\Буџет" (слика 75) корисникот може да дефинира сопствени буџети врз основа на различни категории за тековниот месец.




Слика 75

Креирањето на буџети се врши од прозорецот "Буџети" со кликање на копчето"Додај буџет" (слика 76)




Слика 76

Притоа се отвара прозорец  како на слика 77, во кој може да се избере категорија и износ.




Слика 77

Според категоризацијата на трансакциите , во делот “Потрошено” ќе се прикажува колкав дел од буџетот за соодветната категорија на трансакции за тековниот месец е потрошен.

Во прозорецот “Мои плаќања за следните 7 дена” (слика 78) се наоѓаат потсетници за трансакции кои треба да се реализираат.




Слика 78.

, а тие можат да се зададат во календарот “Мои плаќања” (слика 79) кој дава можност за дефинирање на потсетници.




Слика 79

Креирањето на потсетник за даден датум се врши со кликање на соодветниот датум во календарот при што се отвара прозорец како на слика 80




Слика 80

# 8. Преглед

Менито “Преглед” овозможува корисникот да креира сопствена страница за преглед со прозорци кои може да ги повлече од изборникот на левата страна (слика 81).




Слика 81

# 9. Отварање на депозит

Преку менито “Отвори депозит” можат да се отвараат on-line депозити (слика 82).




Слика 82

Со кликнување на копчето “Отвори депозит” се прикажува опција за отварање на денарски или девизен депозит (слика 83)




Слика 83

Се избира една од двете можности, на пример “Орочен депозит МКД”, по што се отвара форма за внесување на вредностите поврзани со депозитот (слика 84)




Слика 84

Потребно е да се внесе износот на депозитот, трансакциската сметка од која ќе бидат земени средствата, да се избере периодот на орочување и да се кликне на копчето "Пресметај", со што се добива пресметка за каматата и периодот на доспевање. Се кликнува на копчето "Следно" при што се добива потврда на податоците во однос на депозитот (слика 85)




Слика 85

Се кликнува на "Следно" и се добива форма на која треба да се прочитаат условите за користење дадени на линкот "Услови за користење" што се потврдува со штиклирање на празното поле. Текстот на предлог договорот може да се превземе преку кликнување на копчето со стрелка надолу (слика 86).




Слика 86

Со кликнувањe на копчето "Потпиши", се врши дигитално потпишување на договорот со помош на мобилната апликација, на ист начин како и кај денарските налози -се појавува слика која треба да се скенира со мобилниот телефон на кој е инсталирана и активирана мобилна апликација, при што се добива код со чие внесување се потврдува договорот (слика 87)






Слика 87

По успешното дигитално потпишување на договорот, тој може да се сними локално со кликнување на копчето со стрелка надолу (слика 88)





HALKBANK

**Бр.** 270700052042486

**Д О Г О В О Р**

за електронско орочување на **денарски** депозит

Склучен на ден 03.10.2019 година, помеѓу:

1.Халкбанк АД. Скопје, ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје, со ЕМБС 4627148 (во натамошниот текст: Банка) и

2.Лицето _____________ со адреса Ул.Тест01, СКОПЈЕ со ЕМБГ 25125125125… (во понатамошн…

**Член 1**

Со склучување на овој Договор Банката со електронско поднесено Барање на Депоне… број 270700052042486 од денарската трансакциска сметка на Депонентот во Банката н… денари, на депозитна сметка број 270700052042486.

**Член 2**

Износот од член 1 од овој Договор се орочува за време од 12 месеци сметано од деноʼ… орочениот депозит од член 1 од овој Договор.

Слика 88

На крај се добива порака за успешно отварање на депозит (слика 89)




Слика 89